22.03.2024

ГЖ-1427/23

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите м-р Ѓорѓи Радојков, претседател на советот, Афрдита Шеху Асани и м-р Ирена Костадинова Ангелова, членови на советот, во правната работа по предлогот за повторување на постапката правосилна завршена со пресуда на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година, поднесен од тужениот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип како предлагач, во постапката по тужбата на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, против тужениот Винарска визба ИМАКО ВИН ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, за надомест на штета, вредност на спорот 1.915,458,00 евра, одлучувајќи по жалбата на тужениот, изјавена преку полномошник Филип Медарски, адвокат од Скопје, против решението на Оснoниот суд Штип ППОВ.бр.2/22 од 23.01.2023 година, на нејавната седница на советот одржана на 06.03.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужениот, изјавена преку полномошник Филип Медарски, адвокат од Скопје, СЕ УВАЖУВА.

РЕШЕНИЕТО на Оснoниот суд Штип ППОВ.бр.2/22 од 23.01.2023 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа пред првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Штип со обжаленото решение го одбил како неоснован предлогот поднесен од тужениот - предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, за повторување на постапката правосилна завршена со пресуда на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со пресуда на Апелационот суд Штип ГЖ.бр.205/21 од 03.06.2021 година, како и барањето за надомест на трошоци во постапката во износ од 695.516,00 денари. Задолжен е тужениот - предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип да му ги надомсети на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, со живеалиште во Германија, трошоците на постапката во износ од 348.867,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на решението. Барањето на тужителот за надомест на торшоци во постапката како рзлика од досудените 348.867,00 денари, до бараните 432.867,00 денари, судот го одбил.

Незадоволен од напред донесеното решение останал тужениот, кој преку неговиот полномошник во законски предвидениот рок поднел жалба со која го напаѓа истото поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со прелог жалбата да се уважи, а обжаленото решение да се преиначи согалсно жалбените наводи или обжаленото решение да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

Одговор на жалба е поднесе од тужителот преку полномошник Ненад Јаниќевиќ, адвокат од Скопје, со кој во целост ги оспорува наводите истакнати во жалбата на тужениот, со предлог жалбата да се одбие како неоснована, а првостепеното решение да се потврди, како и да се задолжи тужениот со трошоци за поднесениот одговор на жалба.

Апелациониот суд Скопје откако ги разгледа списите приложени кон предметот, обжаленото решение, наводите во жалбата, а имајќи го предвид и одговорот на жалба, најде:

Жалбата е основана.

Основани се жалбените наводи за сторена суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од чл.343 ст.2 т.14 в.в. со чл.371 од ЗПП, од причина што обжаленото решение е нејасно, неразбирливо, со противречности и без доволно утврдени решителни факти па како такво истото не може со сигурност да се испита.

Првостепениот суд врз основа на изведените докази во текот на постапката утврдил дека пред Основниот суд Штип е поведена постапка по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација со живеалиште во Германија, против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, основ надомест на штета, вредност на спорот 1.915.458,00 евра. Со пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година Основниот суд Штип тужбеното барање на тужителот го усвоил и тужените ги задолжил на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата и трошоци во постапката. Незадоволен од пресудата тужените поднеле жалба. Со решение Гж.бр.535/15 од 13.10.2015 година Апелациониот суд Штип ја усвоил жалбата на тужените, ја укинал првостепената пресуда и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно судење. Во повторното судење Основниот суд Штип со пресуда П4.бр.78/15 од 18.10.2016 година повторно го усвоил тужбеното барање на тужителот и ги задолжил тужените да му ја надоместат на тужителот штетата во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата и трошоци во постапката. Незадоволни од наведената пресуда тужените повторно поднеле жалба. Со пресуда ГЖ.бр.380/16 од 23.12.2016 година Апелациониот суд Штип ја усвоил жалбата на тужните, ја преиначил пресудата на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година и го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот со кое бара да се задолжат тужените на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата и трошоци во постапката. Незадоволен од второстепената пресуда ГЖб.р.380/6 од 23.12.2016 година тужителот поднел ревизија до Врховниот суд на РСМ. Со решение РЕВ 2 бр.180/2017 година, Врховниот суд на РСМ ја усовил ревизијата, ја укинал пресудата на Апелацниот суд Штип ГЖ.бр.380./16 од 23.12.2016 година и предметот го вратил на второстепениот суд на повторно одлучување. При повторното одлучување Апелационот суд Штип со пресуда ГЖ.бр.179/19 од 09.07.2019 година ја уважил жалбата на тужените, ја преиначи пресудата на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 годиан и го одбил како неосновано тужбеното барање да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата и трошоци во постапката. Незадоволен од второстепената пресуда ГЖ.бр.179/19 од 09.07.2019 година тужителот повторно поднел ревизија до Врховниот суд на РСМ. Постапувајќи по поднесената ревизија од тужителот Врховниот суд на РСМ со решение РЕВ 2 бр.463/2019 година од 27.01.2021 година ја усвоил ревизијата, ја укинал пресудата на Апелационот суд Штип ГЖ.бр.179/19 од 09.07.2019 година и предметот го вратил на второстепениот суд на повторно одлучување. При повторното одлучување Апелациониот суд Штип со пресуда ГЖ.бр.205/2021 година од 03.06.2021 година жалбата на тужните ја одбил како неоснован и ја потврдил пресудата П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип. Пресудата П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип е правосилна на 03.06.2021 година. Предлогот за повторување на постапката е поднесен од туженот ИМАКО ВИНО ДООЕЛ ШТИП како странка во постапката која не успеала во спорот.

Во конкретниот случај првостепениот суд го одбил како неоснован предлогот за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година, поднесен од тужениот како предлагач, од причина што судот утврдил дека од изведените докази, а пред се од увидот во предметот П4.бр.78/15 на основен суд Штип утврдил дека фактите врз основа на кои тужениот го заснова предлогот за повторување на постапката, согласно пропишаното во чл.392 ст.1 точ.9 од ЗПП, се факти кои тужениот ги истакнувал и во текот на поранешната постапка и биле предмет на оценка од страна на судот во поранешната постапка. Од друга страна имајќи во предвид дека сега приложените докази како нови докази биле прибавени по барањето на тужениот и врз основа на приложена документација од тужениот, според судот произлегува дека овие факти му биле познати на тужениот и за времетраење на поранешната постапка, така што тужениот имал можност да ги изнесе пред да биде завршена поранешната постапка со правосилна пресуда и тоа во време пред да престанало правото на изнесување на нови факти во постапката чие повторување се бара, поготово во ситуација кога тужениот не бил спречен согласно пропишаното во чл.235 од ЗПП, да предложил доказ вешт наод и мислење со содржина како сега доставеното од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје и од Бирото за судски вештачења со прилог документите врз основа на кои се темели вештачењето, а од друга страна и двете вештачења како од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје, така и на Бирото за судски вештачења, се изготвени исклучиво врз основа на докуметнација со која располагал тужениот. Имајќи ги во предвид погоре дадените причини како и дека доказот вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од страна на Бирото за судски вештачења бил доставен во жалбената постапка до Апелациониот суд Штип и истиот не бил прифатен, односно овој доказ бил употребен, односно искористен без успех во поранешната постапка, судот оценил дека не се исполнети пропишаните законски претпоставки во чл.392 ст.1 точ.9 од ЗПП за повторување на постапката, а пред се не исполнети условите согласно пропишаното во чл.393 ст.2 од ЗПП, да повторување на постапката може да се дозволи само ако странката без своја вина не можела тие околности да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена со правосилна судска одлука. Воедно судот оценил дека во конкретниот случај предложениот доказ решение КО.бр.255/13-III 15.09.2016 година на ОЈО Штип не претставува нов доказ во смисла на чл.392 ст.1 точ.9 од ЗПП, имајќи во предвид дека овој доказ воопшто и не постоел во времето на пресудувањето, а од друга страна правосилната пресуда во поранешната постапка со која тужениот е задолжен да му ја надомети штетата на тужителот и утврдената фактичка состојба во правосилната пресуда не се заснова на надомест на штета причинета со дејствија како елемент на кривично дело поради кое е покренатa кривична псотапка, односно поднесена кривична пријава. Исто така судот оценил дека не се исполнети и предвидените законски претпоставки за повторување на постапката, согласно пропишаното во чл.392 ст.1 точ.5 од ЗПП, бидејќи во текот на постапката тужениот како предлагач не доставил правосилна пресуда во кривична постапка или друг доказ со кој со сигурност се докажува дека извештајот за констатирана состојба од Економско правно биро Компанија НМ е исправа во која е заверена невистинита содржина.

Меѓутоа, по наоѓање на овој суд ваквата одлука на првостепниот суд е нејасна и контрадикторна, а воедно судот не дал доволно образложени и прифатливи причини од кои раководел при одлучувањето, на што основано се укажува и во жалбата на тужениот.

Имено, предлогот за повторување на постапката е вонреден правен лек на странките против судска одлука со која постапката правосилно е завршена. Со предлогот за повторувањето на постапката се бара укинување на правосилна одлука поради одредени причини, меѓу другото и според предвиденото во одребата од чл.392 ст.1 т.5 од ЗПП, според која одлуката на судот се заснова врз исправа што е фалсификувана или во која е заверена невистинита содржина, како и според одредбата од чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП, „ако странката

узнае нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука од тие факти или докази да биле употребени во поранешна постапка", а во врска со чл.393 ст.2 од ЗПП според кој „повторување на постапката поради околности предвидени во чл.392 ст.1 т.9, може да се дозволи само ако стрнката без своја вина не можела тие околности да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена со правосилна судска одлука".

Правото на барање на поднесување на ваков правен лек повеќеслојно е ограничено во поглед на одлуката против која може да се бара овој лек, причините поради кој може да се бара, условите на кои во предлог може да се повикуваат, рокот во кој може да се бара и ефектот на правното средство со кое повторувањето се бара. Претпоставките за допуштеност за повторување на постапката таксативно се наведени во законот и истите се регулирани со прописи содржани во членовите од 392-400 од ЗПП. При тоа во смисла на наведената одредба од чл.392 ст. 1 т.9 од ЗПП, новите докази претставуваат основ за повторување на постапката до онаа фаза до која можат да бидат употребени, но странката за нив да не знаела или поради други причини неможела да ги употреби. Новите факти и докази мораат да бидат од такво значење да на основа на нив би можело да биде донесена поповолна одлука за странката да биле употребени во поранешната постапка, тие требало да настанат во време додека во постапката чие што повторување се бара нивното изнесување било можно. Значи повторување на постапката може да се бара само поради докази кои постоеле во текот на постапката зашто само тие докази и факти да биле изнесени во предходната постапка би можеле да доведат до донесување на поповолна одлука за странката која таа тоа го бара.

Во конкретниот случај, по оцена на овој суд, основано се укажува во жалбата дека во конкретниот случај останало нерасчистено прашањето по однос на тоа дали вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година изработен од страна на Бирото за судски вештачења преставува нов доказ односно основ за повторување на правосилно завршената постапката П4.бр.78/15. Во тој контекст судот не утврдил со сигурност зошто овој доказ не бил доставен согласно одредбите од ЗПП во постапката чие повторување се бара, кога тужениот стекнал законска можност да го употреби како доказ ова вештачење во конкретната постапка со оглед да овој доказ бил изготвен за потребите на кривична постапка, па во таа насока не е утврдено дали тужениот овој доказ како доказно средство без своја вина не можел да го предложи односно изнесе пред судот согласно одредбите од ЗПП, односно дали предлагачот - тужениот можел да го употреби вештачењето како доказ во постапката и доколку можел дали тоа не било сторено по негова вина, како и не е утврдено дали доколку овој доказ бил употребен во таа постапка истиот би допринел да биде донесена поповолна одлука за тужениот.

Имено, по оцена на овој суд основано се укажува во жалбата дека првостепениот суд е контрадикторен во својата одлука бидејќи од една страна наведува дека доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година изработен од страна на Бирото за судски вештачења, кој бил доставен од тужениот со писмен поднесок до Апелациониот суд Штип на 26.08.2015 година во жалбената постапка против пресудата П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип, при повторното судење од страна на првостепениот суд со решение не бил одбиен да се изведува како доказ, ниту пак бил ценет и изведен како доказ во доказна постапка, туку дека овој доказ за прв пат се споменува во пресудата ГЖ.бр.205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип каде што второстепениот суд наведува дека наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења не бил прифатен како доказ, бидејќи не бил доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП. Од друга страна пак во

образложението од што се раководел при одлучувањето судот навел дека доказот вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година изработен од страна на Бирото за судски вештачења бил доставен во жалбената постапка до Апелациониот суд Штип и истиот не бил прифатен, односно овој доказ бил употребен, односно искористен без успех во поранешната постапка. Оттука не е јасно дали вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година изработен од Бирото за судски вештачења, бил или не бил употребен во постапката чие повторување се бара, а со тоа и дали во случајов се работи за нов доказ во смисла на чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП.

Ова дотолку повеќе што судот утврдил дека тужениот сега како предлагач го поднел предметното вештачење како доказ за прв пат со поднесок до Апелационен суд Штип на 26.08.2015 година, бидејќи доказот го имал добиено после донесување на првостепената пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година, од што произлегува дека овој доказ бил доставен во фаза на жалбена постапката по предметот, па доколку е така судот требало да утврдил со сигурност дали вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година изработен од Бирото за судски вештачења, по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13, претставува нов доказ во смисла на чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП, ова особено што согласно пропишаното во чл.341 од ЗПП во жалбена постапка не можат да се изнесуваат нови факти, ниту да се предлагаат нови докази. Во тој контекст судот требало со сигурност да утврди и кога тужениот стекнал законска можност да го употреби како доказ ова вештачење во конкретната постапка, ова особено што како што е погоре наведено овој доказ бил изготвен за потребите на кривична постапка, па во таа насока судот требало да цени дали тужениот овој доказ како доказно средство без своја вина не можел да го предложи односно изнесе пред судот согласно одредбите од ЗПП, односно да цени дали предлагачот - тужениот можел да го употреби вештачењето како доказ во постапката и доколку можел дали тоа не било сторено по негова вина. Воедно основано се укажува во поднесената жалба дека судот при одлучувањето требало да има во предвид дека вешачењето СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година изработено од Бирото за судски вештачења во кривичната постпака, не се предлага како вештачење во смисла на чл.235 од ЗПП, туку како нов доказ по однос на факти кои се однесуваат за конкретната правна работа помеѓу тужителот и тужениот.

Од друга страна во конкретниот случај останало нерасчистено и прашањето околу веројатноста за успехот во постапката чие повторување се бара доколку ова вештачење било изведено како доказ во време на водењето на постапка. Во таа насока првостепениот суд во смисла на чл. 392 ст.1 т.9 од ЗПП, не утврдил со сигурност дали изведувањето на погоре наведеното вештачење како доказ можело да доведе до донесување на поповолна одлука за предлагачот - тужениот односно дали би влијаело на исходот на постапката чие повторување се бара.

Од овие причини следуваше жалбата да се уважи, а обжаленото решение да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење.

При повторно постапување треба да се имаат предвид дадените укажувања на овој суд, да ја отстрани сторената суштествена повреда на одредбите на парничната постапка на начин што ќе се донесе јасна и разбирлива одлука која ќе биде подобна во целост да се испита и изврши. За таа цел првостепениот суд ќе треба да утврди дали во конкретниот случај вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења бил или не бил употребен во постапката чие повторување се бара, доколку не бил употребен во постапката судот ќе треба со сигурност да утврди дали истиот преставува нов доказ односно основ за повторување на правосилно завршената

постапката П4.бр.78/15, зошто овој доказ не бил доставен согласно одредбите од ЗПП во постапката чие повторување се бара, кога тужениот стекнал законска можност да го употреби како доказ ова вештачење во конкретната постапка со оглед да овој доказ бил изготвен за потребите на кривична постапка, дали тужениот овој доказ како доказно средство без своја вина не можел да го предложи односно изнесе пред судот согласно одредбите од ЗПП, односно дали предлагачот - тужениот можел да го употреби вештачењето како доказ во постапката и доколку можел дали тоа не било сторено по негова вина, дали доколку овој доказ бил употребен во таа постапка истиот би допринел да биде донесена поповолна одлука за тужениот односно дали би влијаело на исходот на постапката чие повторување се бара. Исто така со оглед да вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења бил доставен во фаза на жалбена постапката по предметот, првостепениот суд ќе треба да цени дали истиот претставува нов доказ и во смисла на чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП во врска со чл.341 од ЗПП. Потоа во зависност од сето погоре утврдено првостепениот суд ќе треба со сигурност да утврди дали во конкретниот случај комулативно се исполени услови за да се дозволи повторување на постапка правосилно завршена со пресуда П4 бр.78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип, а при тоа судот да ги има во предвид одредбите од чл.392 ст.1 т.9 и 393 ст.2 од ЗПП, по што судот да донесе правилна и закон заснована одлука.

Со оглед на тоа да се укина првостепеното решение следуваше согласно чл.160 ст.3 од ЗПП, да се укине и одлуката за парнични трошоци, која ќе зависи од конечниот исход на спорот.

Врз основа на сето наведено следуваше да се одлучи како во изреката на ова решение, а согласно член 370 ст.1 т.3 од ЗПП.

Апелационен суд Скопје ГЖ-1427/23 од 06.03.2024 година.

Претседател на совет-судија
м-р Ѓорѓи Радојков с.р.

Република Северна Македонија АПЕЛАЦИОНЕН СУД 4 Скопје

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник